Врз основа на член 30 став 3 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на РМ“ бр.20/09) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за формата и содржината на образецот на покана за наплата на глоба**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на поканата за наплата на глоба.

Член 2

Покана за наплата на глоба од член 1 од овој правилник е дадена на формат А5 и ги содржи следните податоци:
- назив на органот кој ја издава поканата за наплата на глоба
- тековен број
- правен основ за издавање на поканата за наплата на глоба
- покана за наплата на глоба
- податоци за сторениот прекршок
- ден
- година
- час
- место на сторување
- опис на прекршокот
- член
- закон
- глоба предвидена за прекршокот во еура и во денарска противредност
- податоци за сторителот
- физичко лице (физичко лице, одговорно лице во правно лице, трговец поединец, службено лице, лице што самостојно врши дејност) Име и презиме:
- ЕМБГ
- лк. бр.
- СВР
- адреса на живеење (улица, број, место, општина):
- правно лице
- седиште на фирмата
- даночен број
- жиро сметка
- напомена за обврската за плаќање на глобата за сторениот прекршок
- потпис на сторителот на прекршокот
- потпис на државн инспектор за земјоделство или државен фитосанитарен инспектор

Образецот на поканата за наплата на глоба од член 1 на овој правилник содржи три идентични примероци изработени од тенка индиго хартија во бела боја.

Поканата за наплата на глоба е дадена во прилог 1 и прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник“ на Република Македонија.

Бр. 10-6515/1
19.мај 2009
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство
Ацо Спасеноски